# FOREVER

MACEDONIA

Мај 2019 | Број 211

## ПОДОБРО ПОЛОВИНА, ОТКОЛКУ НИШТО
Gregg Maughan

## КОРИСТ ОД ПРОМАШУВАЊАТА
Rex Maughan

**SUCCESS DAY**
**1.06.2019**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**





# Подобро половина, отколку ништо



**Веројатно сте ја слушнале изреката дека сѐ што вреди треба да се прави добро. Но јас не сум сосема согласен со неа. Според мене човек треба да направи сѐ што вреди, па дури и да не го направи толку добро како што би сакал. Ако се фокусираме само на работите во кои сме навистина добри, како ќе учиме, како ќе растеме и ќе се усовршуваме?**

Претставете си жена која решила да напише роман и сите со кои разговара ѝ велат дека нема начин да се справи ако не пишува по десет страници на ден. Но таа нема толку време и го става проектот на чекање, игнорирајќи го фактот дека ако пишува дури и по една страница секоја вечер, секој ден ќе се приближува по малку кон својата цел.

Исклучително е инспиративно да сретнете сопственици на Форевер бизнис кои многу брзо се издигнале во маркетинг планот, но обемот на работа кој го вложиле може да ви се чини огромен. Може да мислите дека треба секој ден да правите исти број на телефонски јавувања или да закажувате одреден број средби, или пак да поминувате по неколку часа на социјалните мрежи. Може дури и да сметате дека ова е единствениот начин да постигнете успех во бизнисот. Ве уверувам дека не е. Има многу успешни сопственици на Форевер бизнис кои си дале време да стекнат самодоверба и да развијат нови вештини за да стигнат до позицијата на која се денес.

Дури и да имате време само за еден-два телефонски разговори дневно, сепак ќе постигнете 100% повеќе отколку ако не направите ништо. Ако десет разговори на ден ви се чинат исцрпувачки, пробајте со два. Договарањето на барем една средба или следењето само на еден кандидат сепак ќе ве приближи до целта малку повеќе, отколку ако се откажете и не правите ништо.

Не е потребно да посветувате одреден број часови седмично или да имате образование во дадена сфера, за да започнете да градите бизнис. Една од работите кои ја прават Форевер толку уникатна можност, е што нема потреба да сте експерт. Форевер е за сите и секој има право да расте со сопственото темпо.

Секој пат кога користите нов производ или запознавате некого со Форевер можноста, вие растете и напредувате. Оставете вашата љубов кон производите и вашата желба да им помагате на другите да ве водат. Ќе се изненадите колку многу можете да постигнете кога имате самодоверба и искуство.

Запомнете, овој бизнис вреди да се прави дури и ако сѐ уште не го правите многу добро. Не е задолжително да сте на јасно со сѐ, за да напредувате. Тоа ќе дојде со времето. Се додека правите нешто за да одите напред, значи правите реални и важни чекори кон подобрување на животот и постигнувањето на вашите цели

**Продолжете да се насмевнувате,**

Gregg Maughan

**Gregg Maughan**



# Корист од промашувањата



> Тешко е да се победи човек кој никогаш не се откажува. Секое промашување ме приближува до следниот почеток. Никогаш не дозволувајте стравот од промашувањата да ви пречи да играте.
>
> – Babe Ruth.

Овој моќен цитат ме тера да размислам за храброста и што значи да се истрае, дури и кога околностите се против тебе. За мнозина храброста е синоним на бестрашност –дека сте буквално без страв и дека дејствувате решително и брзо, и ништо не може да ве запре. Но да си храбар не значи да не се плашиш, туку да продолжуваш напред дури и кога се плашиш.

**МОЖЕБИ НЕМА СЕКОЈ ПАТ ДА ОБЕЛЕЖУВАТЕ ТОЧКА, НО НЕМА И СЕКОЈ ПАТ ДА ГРЕШИТЕ.**

Секој се плаши од нешто, важно е што ќе изберете да правите со вашиот страв. Ќе го оставите да ве запре, или ќе имате храброст да не престанете да се движите? Сум видел толку многу сопственици на Форевер бизнис да се исправат лице в лице со своите стравови и тоа да ги прави уште посилни, посамоуверени и поуспешни.

Да речеме Мари Алис Деграф, која не се откажа од Форевер бизнисот дури и кога во нејзината земја Хаити настана политички хаос за време на воениот удар во 1991 год. Таа беше принудена да избега со семејството единствено со облеката на себе и стана бегалец. Го надмина стравот, каков што повеќето од нас не можат и да си претстават, и одново го изгради својот бизнис.

А Вероника Ломјански, која буквално го одржа својот бизнис во живот, пренесувајќи ги со чамец производите на Форевер низ српска река, кога сите мостови беа разрушени. И покрај фактот што голем дел од нејзиниот град Нови Сад бил уништен, Вероника успева заедно со својот тим да ги одржат живи бизнисот и мечтите.

Во целиот свет сопственици на Форевер бизнис исто како вас се соочуваат со сопствените стравови. Но не е потребно да се наоѓаш во толку екстремни услови, за да си исплашен. Некои многу се плашат да зборуваат пред публика. Други се плашат од отфрлање или да зборуваат со непознати за Форевер. Овие чувства се природни и не се малку луѓето кои се плашат од истите работи како вас.

Најдобриот бејзбол играч на сите времиња Babe Ruth не гледа на промашувањата како на нешто од кое треба да се плаши. Т.н. „страјкови" се само нормален дел од неговата кариера и секое замавнување и промашување го приближувале до следниот хоумран. Ќе среќавате луѓе кои може да не ја споделуваат вашата визија или сакаат да ве обесхрабрат. Тоа не е проблем. Секој отказ ве приближува до следното постигнување – било да е добивање на нов клиент или издигнување до ниво Менаџер.

Знам дека можете да ги надминете вашите стравови, бидејќи сум видел толку многу луѓе како вас тоа да го прават. Не дозволувајте стравот да ве спречи да го давате најдоброто од себе. Можеби не секој пат ќе одбележувате точка, но нема и секој пат да грешите. Неуспешното замавнување ќе ве научи на многу повеќе, отколку седењето покрај страничната линија на игралиштето.

**Засекогаш Ваш,**



**Rex Maughan**




Дали сакате да учествувате на **НАЈГОЛЕМАТА ОБУКА НА ФОРЕВЕР БУГАРИЈА И МАКЕДОНИЈА ОВАА ГОДИНА**? Да слушнете лично од Форевер лидерите на двете држави какви се нивните стратегии за успех, каков пристап имаат во динамиката на информациската ера, да размените искуства, да ги научите сите новини за компанијата, да се забавувате и мотивирате за нови постигнувања, да учествувате во хуманитарната кампања на Форевер Бугарија за поддршка на глобалната иницијатива на компанијата во соработка со организацијата „Да се спротивставиме на гладот“?

## Ве очекуваме на 8-9 ноември во хотел РИЛА, БОРОВЕЦ!

**И ви предлагаме да освоите** бесплатно учество на настанот на годината, кое вклучува:

- Дводневна обука
- Материјали за обуката
- Сместување во хотел РИЛА, Боровец
- Свечена вечера и DJ забава за сите учесници
- Шведска маса – 2 појадока, 1 ручек, 1 вечера

**Период на квалификација:**
1 мај – 31 јули 2019 год.

## НАГРАДА: БЕСПЛАТНО УЧЕСТВО на ВИКЕНД БИЗНИС ОБУКА во БОРОВЕЦ

### УСЛОВИ за ниво АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОР:

- лично спонзорирајте најмалку **ДВА НОВИ Асистент Супервизори**
- реализирајте најмалку по **1 личен б.** во секој полн месец од периодот
- реализирајте вкупен обем од најмалку **8 б. НОВ БИЗНИС***

**Заработете УЧЕСТВО ЗА ДВАЈЦА, кога на основните барања ќе додадете:**

+ уште **еден НОВ СФБ**
+ уште **4 б.** НОВ БИЗНИС*

### УСЛОВИ за ниво СУПЕРВИЗОР и АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР:

- лично спонзорирајте најмалку **ЧЕТИРИ НОВИ Асистент Супервизори**
- бидете **АКТИВНИ со 4 б.** секој полн месец од периодот
- реализирајте вкупен обем од најмалку **12 б. НОВ БИЗНИС***

**Заработете УЧЕСТВО ЗА ДВАЈЦА, кога на основните барања ќе додадете:**

+ уште **еден НОВ Асистент Супервизор**
+ уште **6 б.** НОВ БИЗНИС*

### УСЛОВИ за ниво МЕНАЏЕР:

- лично спонзорирајте најмалку **ПЕТ НОВИ Асистент Супервизори**
- бидете **АКТИВНИ со 4 б.** секој полн месец од периодот
- реализирајте вкупен обем од најмалку **16 б. НОВ БИЗНИС***

**Заработете УЧЕСТВО ЗА ДВАЈЦА, кога на основните барања ќе додадете:**

+ уште **еден НОВ Асистент Супервизор**
+ уште **8 б.** НОВ БИЗНИС*

**ВАЖНО!** Бодовите кои учествуваат во квалификацијата на еден СФБ не можат да бидат калкулирани во друга квалификација.

*** НОВ БИЗНИС** – бодови генерирани од сите новоспонзорирани соработници и нивните групи во периодот на квалификацијата – мај, јуни и јули 2019 год.

**** Новус клиенти**, спонзорирани пред 1 мај 2019 год. и со постигнато ниво Асистент Супервизор во периодот на промоцијата, нема да се вклучат во квалификацијата.

Забелешка: идејата на секоја иницијатива на Форевер Бугарија и Македонија е да го поткрепи вашиот бизнис и да го награди трудот за неговиот развој, а активности со цел само да се постигне заработување на една или друга награда не одговараат на целите и вредностите на компанијата. Конечното заработување на секоја награда или промоција ќе биде предмет на одобрение од канцеларијата на Форевер Бугарија.



# Верување во она што го правиме

Драги пријатели, сопственици на Форевер бизнис,

Секогаш сметавме дека она што им помага или пречи на луѓето да бидат успешни, е нивниот начин на размислување. Во индустријата на мрежниот маркетинг ова е уште поважно. Едноставно кажано – ако сакате да градите успешна мрежа, треба така да мислите и дејствувате. А што им помага на луѓето да мислат, да делуваат и да постигнуваат успеси со маркетинг планот на Форевер? Фактот дека знаат ЗОШТО сакаат да успеат, што сакаат да постигнат за да си го променат животот и најважното - ВЕРУВААТ во тоа што го прават. **За да поверувате** во системот за распространување на стоки и услуги, наречен мрежен маркетинг, **мора да знаете** што тој претставува и кои се неговите предности во однос на сите други начини за заработување на пари и градење на сопствен бизнис. Еве некои од нив...

- **Секој може да го прави.** МЛМ е достапна можност за градење на сопствен бизнис, независно од пол, возраст, образование или вештини.

- Не се потребни **речиси никакви почетни инвестиции** и затоа не носи никаков ризик.

- **Докажан систем за градење на пасивни доходи** во кој многу луѓе прават едноставни работи достапни за секого.

- **Моќта на геометриската прогресија** е втемелена во можноста за градење на голема мрежа од луѓе кои ги консумираат производите и ги препорачуваат на другите околу себе и **му дава можност на вашиот бизнис постојано да расте**, без да е потребно повеќе труд и време, отколку на почетокот.

- **Мрежниот маркетинг ги учи и им помага** на најобични луѓе да не се наемни работници, туку сами да бидат претприемачи и да ги управуваат времето, доходите и иднината.

- Неколку години инвестирани во градење на сопствена голема мрежа од соработници, ќе ви обезбедат **голема предност во споредба со години поминати на работа за некој друг.**

- **Тоа е индустрија** која последните години стана сè поразбирлива и по-привлечна за милиони луѓе во светот кои избираат да го променат својот живот со неа, така што градат кариера и доходи за кои пред тоа можеле само да мечтаат.

И на крај, ќе додадеме дека со **одличните производи на Форевер ќе добиете навики да се грижите за сопственото здравје**, кои ќе ви помогнат и на вас, и на луѓето околу вас да се чувствувате и да изгледате многу подобро и да живеете поквалитетен и подолг живот.

**Изучувајте и постојано збогатувајте** го знаењето за тоа што го правите, **за да започнете да мислите како успешни луѓе** и несомнено ќе станете такви!



Секогаш со вас,
***Тања и Стефан Стаеви***

# Forever LIte Ultra with Aminotein

# Форевер Лајт ултра со аминотеин




## ОПИС И СВОЈСТВА

Шејковите Форевер лајт ултра со аминотеин се идеален додаток во вашиот здрав начин на живеење со Форевер Ливинг и се неразделен дел од програмите за контрола на телесната тежина Forever F.I.T. Производот сега има поголема содржина на протеини и помалку јаглехидрати и ги обединува новите технологии и новиот начин на размислување за да ви помогне здраво да се храните. Ви го предлагаме во два фантастични вкуса-арома на ванила и неодолива чоколада. Две дози на ден од Форевер лајт ултра со аминотеин, секоја растворена во 300 мл обезмастено млеко или вода, ви обезбедуваат 100% од дневната доза на витамини и минерали. Форевер лајт ултра содржи 18 корисни аминокиселини, помеѓу кои незаменливи, заменливи и аминокиселини со распространета верига. Со овој нов шејк можете да бидете сигурни дека ги добивате најсовремените откритија на науката за исхрана, без тоа да се одрази на извонредниот вкус. „Но што всушност го прави поразличен?“ сигурно се прашувате. Новата усовршена формула го обезбедува високиот квалитет на соиниот протеин. Протеините во прав имаат различно потекло. Два одлични извори се сојата и сурутката, кои успешно се користат долги години. Досега Форевер Ливинг Продактс ја користеше комбинацијата од двата вида во производството на серијата **Forever Lite**. Тие имаа богата содржина на протеини, аминокиселини и хранливи состојки. Но, според најсовремените испитувања, соиниот протеин самостојно користен, има уникатни предности пред комбинацијата од соја и сурутка. Затоа Форевер одлучи да создаде нов растворлив шејк, искористувајќи ги сите предности на најсовремените технологии за својата нова патентирана соина формула. Протеините треба да одговараат на многу високи стандарди за да можат да се наречат комплетни. Високо квалитетни белковини се само тие кои ги содржат сите незаменливи аминокиселини во правилен соднос за поткрепа на растот, развојот и одржувањето на мускулните ткива. Табелата дадена подолу ги покажува предностите на соиниот протеин пред протеинот кој е комбинација од соја и сурутка:

**Форевер лајт ултра со аминотеин** ви го нуди сето тоа и уште нешто! Сојата е одличен извор на хранливи белковини и според клиниката „Мајо“ ги содржи сите незаменливи аминокиселини. Нејзиното растителното потекло значи поодржливо и еколошко производство за разлика од протеините од сурутката која е производ од животинско потекло. А една од најубавите страни на соиниот протеин е тоа што според значајни клинички испитувања тој го намалува холестеролот во крвта. Има податоци дека соиниот протеин исто така ја подобрува издржливоста за време на спортување. Неговиот висок квалитет ја задоволува зголемената потреба од белковини на спортистите при стекнување на мускулна маса. Тој ги обезбедува и потребните незаменливи аминокиселини за раст и мускулен развој, како на спортистите, така и на нашите членови од семејството кои се во развој. Така шејковите на Форевер се претвораат во идеален напиток кој можеме да го конзумираме пред или по тренинг.
А што е аминотеинот? Тоа е уникатна мешавина од ензими, специјално создадена за разградување на




| Корисни својства | Сурутка+соја | Само соја |
|---|---|---|
| Заситеност | ✓ | ✓ |
| Контрола на телесната тежина | ✓ | ✓ |
| Одличен извор на аминокиселини | ✓ | ✓ |
| Зголемена енергија и издржливост | ✓ | ✓ |
| Поддршка на мускулите | ✓ | ✓ |
| Корисни за здравјето на срцето | | ✓ |
| Растително потекло | | ✓ |
| Еколошко производство | | ✓ |
| Сигурен извор | | ✓ |
| Аминотеин | | ✓ |

протеините која гарантира правилно варење на храната и оптимално апсорбирање на аминокиселините. Една од најсериозните пречки при внес на големи количини белковини е нивната сварливост. Со напредување на возраста, во телото се намалува производството на ензимите кои се неопходни за разградување на протеините и телото ја губи способноста квалитетно да го искористи дејството на важните градбени елементи. Аминотеинот е специјална ензимска формула чија цел е да ја ослободува полната сила на аминокиселините од соиниот протеин, со тоа што поефикасно ги разградува неговите молекули, отколку што тоа организмот сам би го направил. Така нашето тело има можност да апсорбира повеќе аминокиселини, кои може да ги искористи за градба на мускулни и сврзни ткива. Форевер лајт ултра со аминотеин и соин протеин... кој би можел да посака подобра комбинација?!
Шејковите Форевер лајт ултра се докажаа како одлична замена за еден или два оброка во текот на денот за сите на кои им треба поддршка при намалување на внесот на калории, без да му се наштети на телото поради дефицит на хранливи материи. А и тие се многу вкусен и удобен начин за да ги внесеме сите неопходни витамини и минерали со еден хранлив, сладок и прекрасен напиток. Доколку сето ова не ви е доволно, да напоменеме дека сојата исто така му обезбедува на организмот калциум, железо, цинк, фосфор, магнезиум, витамини од B комплексот, масни киселини омега-3 и растителни влакна. Нема многу растенија со толку богата содржина на корисни состојки. Сега гледате зошто одлучивме да ги усовршиме шејковите Форевер лајт ултра. Пробајте ја новата формула со аминотеин, сигурни сме дека ќе ви се допадне! Продолжете да го одржувате здравиот начин на живот и вклучете во него еден или два шејка дневно за да го претворите Форевер лајт ултра во дел од целокупната исхрана. Соберете го целото семејство покрај кујнската маса и подајте чаша со шејк на секого. Освен што ќе им дадете вкусен напиток, ќе знаете дека сте ги нахраниле и со мешавина од корисни хранливи материи и комплетни протеини!

## СОСТАВ

### Ванила

Соја протеин изолат, крем, фруктоза, фруктоолигосахариди, Аминоген® (патентирана протеаза мешавина), природен вкус на ванила,гуар гума, соин лецитин, калиум трифосфат, натриум трифосфат, биотин, сукралоза, аскорбинска киселина, д-алфа токоферил ацетат, ниацинамид, витамин А палмитат, цинк оксид, д-калциум пантотенат, калиум јодид, витамин Д3, пиридоксин хидрохлорид, пивски квасец, тиамин хидрохлорид, цианокобаламин, рибофлавин, фолна киселина, натриум селенит, бакарен сулфат, манган сулфат, железо фумарат, калциум карбонат, магнезиум оксид.

### Чоколадо

Соја протеин изолат,крем, какао во прав, природен вкус на чоколадо, фруктоза, фруктоолигосахариди, сукралоза, гуар гума, соин лецитин, Аминоген® (патентирана протеаза мешавина), биотин, аскорбинска киселина, д-алфа токоферил ацетат, калиум трифосфат, натриум трифосфат, ниацинамид, витамин А палмитат, цинк оксид, д-калциум пантотенат, калиум јодид, витамин Д3, пиридоксин хидрохлорид, пивски квасец, тиамин хидрохлорид, цианокобаламин, рибофлавин, фолна киселина, натриум селенит, бакарен сулфат, манган сулфат, железо фумарат, калциум карбонат, магнезиум оксид.

## ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

Рачно или со миксер измешајте една рамна дозерка со 300 мл обезмастено млеко. При посебни прилики измешајте со кршен мраз или овошје.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Составен дел од програмите за контрола на телесната тежина Forever F.I.T.
- За вашиот здрав начин на живот со низок внес на јаглехидрати
- Природна арома

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА МАРТ 2019 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР



Пановска Оливера

## СУПЕРВИЗОРИ



Алексовска Мери
Апостолоски Александар
Арсовска Цветковска Сузана
Младеновска Даниела
Наумовски Жарко
Реџије Алији
Тодоровска Тања

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ајдини Блерта
2. Алексиќ Слаѓан
3. Алими Гонета
4. Амети Селиме
5. Анчевска Марина
6. Андоноска Весна
7. Ангелова Габриела
8. Ангелова Весна
9. Арифовска Бајса
10. Аритоновиќ Милиќ Славица
11. Атанасова Билјана
12. Бајрами Шехиде
13. Бајрами Сибеле
14. Бајрами Валбона
15. Бетим Жута
16. Божинова Марија
17. Величковска Живка
18. Величкова Јасмина
19. Велкова Ана
20. Георгиевска Маја
21. Глигорова Мери
22. Груби Лумтурије
23. Дарлишта Хана
24. Дарлишта Сибел
25. Демировиќ Суада
26. Дениќ Нинослав
27. Димитровска Љупка
28. Димова Маја
29. Дуковски Емилија
30. Ејупи Лирија
31. Зејнели Исни
32. Зетхане Ајети
33. Зикова Анка
34. Ибрахими Алисе
35. Исени Џејлан
36. Ислами Елдис
37. Јанеска Наташа
38. Јанев Александра
39. Јаневска Весна
40. Јаневски Благој
41. Јосифоска Драгана
42. Јосифовски Слободан
43. Јованоски Ирена
44. Јусуфи Хасије
45. Калеов Дамјан
46. Коцева Благица
47. Колашинац Сибела
48. Кондовска Велковски Бојана
49. Краљевски Слаѓан
50. Крлиу Арлинда
51. Крстевски Владимир
52. Лимани Кадире
53. Љубенска Катерина
54. Манојловска Елизабета
55. Марковски Марјан
56. Метулева Весна
57. Митева Гордана
58. Младеновска Гордица
59. Мухидини Рабие
60. Мустафи Рахими Албулена
61. Мустафи Теута
62. Насковска Александра
63. Несторовска Ивановска Даниела
64. Незири Мирусе
65. Николова Роза
66. Павловска Наташа
67. Пешиќ Славица
68. Петковска Валентина
69. Петров Никола
70. Рајковска Светлана
71. Ристовска Дафина
72. Салијиу Хасиме
73. Савиќ Вилма
74. Сефа Аида
75. Семенкова Гизела
76. Сливовска Александра
77. Стаменковска Мери
78. Стоилковиќ Исидора
79. Стојанова Ивана
80. Стојановска Ирена
81. Стојчевски Жарко
82. Стојменовска Сунчица
83. Сулејмани Себахате
84. Тасини Фетије
85. Тренеска Виолета
86. Филиповска Ангела
87. Цами Арменд
88. Џејлан Рама
89. Џемаили Шпреса
90. Шерифи Фатиме

## Forever2Drive




Златковска Вера
Димовски Стевица и Александар

## SUCCESS DAY

**1.06.2019**
**Holiday Inn**
**Почеток – 11 часот**

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

Ардиана Ристоми Азири
Велика Михајлова
Сузана Арсовска Цветковска

**Клуб 4- ниво 2**

Семра Халили Скендери

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Вера Златковска | 1. Стевица Димовска |
| 2. Стевица Димовска | 2. Вера Златковска |
| 3. Славица Донакова | 3. Жарко Георгиевски |
| 4. Др.Роза Гелевска | 4. Славица Донакова |
| 5. Жарко Георгиевски | 5. Оливера Пановска |
| 6. Катерина Трајчевска | 6. Елена Гелевска |
| 7. Младен Димовски | 7. Фердезе Сулејмани |
| 8. Др.Снежана Контра | 8. Др.Роза Гелевска |
| 9. Блага Крстеска | 9. Др.Гордана Николиќ |
| 10. Елена Гелевска | 10. Флорин Груби |

**facebook**

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826;
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 и 02 2465826 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.